РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1650/2
24-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 55-та седница одржана на ден 16.11 2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 1650/1 од 20.04.2021 година од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот со број 12- 1650/1 од 20.04.2021 година.

Предметот со број 12- 1650/1 од 20.04.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12- 1650/1 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр12- 1650/1 од 20.04.2021 година, од непознат подносител. Со пријавата се укажува на потребата од вршење на прочистување (ветинг) на правосудството на Република Северна Македонија и се изразува незадоволство од однесувањето на јавниот обвинител ----- викан „------". Во пријавата видно се изразува незадоволството дека во ------- на позицијата јавен обвинител е дојден како партиски кадар на претходната влада односно како истакнат член на ----------- и блискоста со поранешниот градоначалник ----------, а неговата блискост со ------- како обвинител во повеќето случаи ја има покажано така што ги штити обвинетите лица припадници на таа партија максимално додека онаму кај што нема партиски интерес ја користи секоја можност да секоја помош дебело материјално ја наплати.

Во однос на наводите содржани во пријавата бр.12- 1650/1 од 20.04.2021 година и придружната документација, од причини што тие се воопштени и без конкретни факти и

податоци, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА**
**КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: С.М.,
Одобрил: В.Г., Член на ДКСК